Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-597/4
01-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-597/1 од 02.09.2024 година, поднесена од политичка партија ВМРО-ДПМНЕ, со седиште на Плоштад ВМРО, број 1 во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми, од страна на лицето [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-597/1 од 02.09.2024 година, поднесена од политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, со седиште на Плоштад ВМРО, бр.1 во Скопје, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 02.09.2024 година на електронската адреса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена електронска форма на претставка за заштита од дискриминација од страна на политичката партија ВМРО - ДПМНЕ, заведена под број 08-597/1, против лицето [redacted] за сторена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиумите.

Имено, во поднесената електронска форма на претставката недостасува делот – Образложение во кој треба да биде наведен опис на настанот на дискриминација односно да бидат наведени фактите и околностите на кои подносителот ја темели претставката. Овој дел од формата е задолжителен и од суштествено значење за соодветно одлучување и постапување по претставката.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: *податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.*

Поради ова на 03.09.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по електронски пат испрати до подносителот на претставката Барање за доуредување број 08-597/2 со кое побара подносителот да ги наведе фактите и околностите на кои ја темели претставката, а воедно побара и докази во случај подносителот да ги поседува. Дополнително, уште

едно Барање број 08-597/3 беше доставено до подносителот на 13.09.2024 година, заради потребата од горенаведеното доуредување

Со оглед да подносителот не ја доуреди претставката како што беше побарано во законски определениот рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Барањето, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје,
01.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Политичка партија ВМРО - ДПМНЕ, Плоштад ВМРО, бр. 1, Скопје
- Архива на КСЗД